РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОВЕТ НА СУДСКА СЛУЖБА
KËSHILLI I SHËRBIMIT GJYQËSOR
ССС Бр. / Nr. 66/21
04.05.2021 год. / v.
СКОПЈЕ / SHKUP

ОСНОВЕН СУД РЕСЕН
20 -05- 2021 год.

*До*

***ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА***
***ОСНОВЕН СУД РЕСЕН***
***-Емељ Кранли Али***

***Р Е С Е Н***

**Предмет:** Согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Основен суд Ресен

Советот за судска служба на седницата одржана на 04.05.2021 година, врз основа на член 14 став 1 ал.5 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ" бр. 43 од 04.03 2014 година), го дава следното:

**М И С Л Е Њ Е**

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Основен суд Ресен Су.бр. 127/21 од 26.03.2021 година **Е ВО СОГЛАСНОСТ** со одредбите на Законот за судска служба („Службен весник на РМ" бр. 43/14, 33/15, 98/15, 6/16,198/18 и 247/18).

**Претседател**
**на Советот на судска служба**

**Соња Груевска**

Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН
Су.бр.127/21
26.03.2021 година
Р е с е н

Врз основа на член 88 од Законот за судовите (Сл. весник на РМ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 96/19), чл.7 од Судскиот деловник (Сл. весник на РМ бр.66/13 и 114/14) и чл.6 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Ресен Су.бр.215/15 од 25.06.2015 година, Претседателот на Основен суд Ресен, Емељ Кранли Али, на ден 26.03.2021 година, го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

## Чл.1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Ресен Су.бр.215/15 од 25.06.2015 година и тоа:

1. Во членот 9 во делот III. КАТЕГОРИЈА „В“ СТРУЧНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ
   Се додава ново работно место под реден број 10 кое гласи

| **Ред. Бр.** | **Нивоа и звања на судските службеници** | **Број на извршители** | **Стручни квалификации** | **Работно искуство** | **Посебни работни компетенции** |
|---|---|---|---|---|---|
| **10.** | **В4-четврто ниво** **ПОМЛАД СУДСКИ СОРАБОТНИК** | **1** | Најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1степен Правен факултет | Со или без работно искуство во струката | Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | француски или германски), со соодветен степен на познавање согласно со член 11 став 4 од Законот за судска служба. |

2. Во делот III. КАТЕГОРИЈА В СТРУЧНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ, ОПИС НА РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ

   По членот 22 се додава нов член 22-А кој гласи

**В4-ПОМЛАД СУДСКИ СОРАБОТНИК**

Врши работи врз основа на конкретни упатства и насоки, под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен судски службеник, судијата и претседателот на судот, врши работи и работни задачи заради стекнување практика во сите области од надлежост на судот, учествува на расправи и претреси и изготвува нацрт одлуки, учествува на стручни состаноци, семинари и други облици на стручно усовршување, ги применува постојните информатичко технолошки системи, врши и други работи утврдени со актот за ситематизација на работните места како и работи што ќе му ги довери непосредно претпоставениот раководен судски службеник, судијата и претседателот на судот.

За својата работа одговара пред раководителот на судски оддел, судијата и претседателот на судот.

Стручни квалификациии и работно искуство:

Стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правен факултет. Со или без работно искуство во струката.

Посебни работни компетенции:

Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), со соодветен степен на познавање согласно со член 11 став 4 од Законот за судска служба.

**Чл.2**

Во останатиот дел Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Ресен Су.бр.215/15 од 25.06.2015 година останува неизменет.

**Чл.3**

Овој Правилник стапува во сила од денот на добиената согласност од Советот на судска служба.

Претседател на судот,
Емељ Кранли Али



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
2
РЕСЕН